# ОЦЕНКА И НАСОЧУВАЊЕ НА ПОТЕНЦИЈАЛИТЕ НА ИНИЦИЈАТИВАТА „ОТВОРЕН БАЛКАН“

## КНИГА 1, АНАЛИЗА НА ДИСПАРИТЕТИ МЕЃУ ЗЕМЈИТЕ: АНАЛИЗА СПОРЕД СТАТИСТИЧКИТЕ ПОДАТОЦИ СОБРАНИ ОД ЕКСПЕРТИТЕ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН

## КНИГА 2, АНАЛИЗА НА ТЕРИТОРИЈАЛНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ, ПОТРЕБИ И ПОТЕНЦИЈАЛИ НА ШЕСТЕ ЗЕМЈИ ОД ЗАПАДЕН БАЛКАН: ЕКОНОМСКИ ПРЕГЛЕД

## КНИГА 3, АНАЛИЗА НА ДИСПАРИТЕТИ МЕЃУ ЗЕМЈИТЕ: КЛАСТЕР АНАЛИЗА EXECUTIVE SUMMARY

**Center for Economic Analyses– CEA**

**June 2023, Skopje**

*Финансиската поддршка е обезбедена од страна на Open Society Foundations*

| | |
|---|---|
| **Проект:** | Оценка и насочување на потенцијалите на иницијативата „Отворен Балкан“ |
| **Имплементиран од:** | Центар за економски анализи – ЦЕА Скопје |
| **Наслов:** | Анализа на територијалните предизвици, потреби и потенцијали на шесте земји од Западен Балкан: Економски преглед |
| **Автори:** | Експерти од земјите (по азбучен редослед):<br>Албанија: Мерита Тоска<br>Босна и Херцеговина: Аднан Церимагиќ<br>Косово: Рамадан Иљази<br>Црна Гора: Институт за претприемништво и економски развој<br>Северна Македонија: Центар за економски анализи; Стефан Ристовски<br>Србија: Центар за напредни економски студии |

Изработката на оваа студија е поддржана од Фондацијата „Отворено општество“ преку Проектот „Оценка и насочување на потенцијалите на иницијативата „Отворен Балкан“ спроведуван од ЦЕА.

Ставовите искажани во овој документ не секогаш ги одразуваат ставовите на Фондацијата „Отворено општество“.

Репродукцијата е дозволена за некомерцијални цели под услов да се наведе изворот.

**<u>Образложение за Задача 2:</u>**

**<u>Задача 2</u>** ги зема во предвид карактеристиките на шесте земји на Западен Балкан-ЗБ т.е., постоечките диспритети но и нивните сличности. Затоа сакаме да ги анализираме разликите и сличностите на регионите од земјите на Западен Балкан на ниво на НТЕС 3 на ЕУ, во зависност од достапните податоци. Идејата е дека со оглед на меморандумите за Отворен Балкан Иницијативата-ОБИ и договорите за ОБИ и принципите на слобода на движење на ЕУ, некои НТЕС региони од земјите на ЗБ6 може да имаат повеќе сличности меѓу себе отколку другите НТЕС. Така, оние НТЕС 3 региони што се групираат, т.е., покажуваат сличности во некои демографски атрибути и/или некои социо-економски атрибути може да бидат платформа за поефикасно спроведување на принципите на слобода на движење на ЕУ како и спроведување на целите на ОБИ меморандумите за разбирање и договорите за ОБИ. Ова не значи дека регионите кои се со повеќе разлики не можат да ги постигнат истите цели. Тоа само покажува дека за повеќе слични региони политиките би можеле да се спроведуваат поефикасно бидејќи имаат слични предизвици. Оние региони кои покажуваат поголеми разлики веројатно ќе имаат потреба од повеќе ресурси за да постигнат конвергенција и помалку нееднаквости помеѓу себе.

**<u>Во Задача 2 имаме изработено три Книги:</u>**

**Книга 1: Анализа на диспаритети меѓу земјите: Анализа според статистичките податоци собрани од експертите од Западен Балкан**
Земјите од ЗБ6 се класифицирани како економии со висок-среден приход. Стапката на невработеност сè уште е двоцифрена и релативно висока. Освен тоа, стапките на невработеност на младите се дури и повисоки и достигнуваат една третина, освен за Србија каде што е малку пониска. Индикаторот НЕЕТ кај младите исто така има релативно висока вредност. Според тоа, овие земји не успеале во транзицијата да креираат средина којашто им дозволува да го вработат нивниот човечки капитал со неговиот целосен потенцијал.

Во Книга 1 најдовме дека во земјите на ЗБ 6 постои внатрешна миграција кон урбаните центри кои го привлекуваат населението да мигрира внатрешно. Концентрацијата на населението во земјите на ЗБ 6 е забележана во општини со население до 30.000 жители, т.е., 69% од вкупното население од сите 491 општина. Во Албанија половина од населението живее во 7 градови со население од повеќе од 100.000 жители, а во Косово, слично на Албанија, половина од населението живее во 8 од 38 општини. Во Црна Гора, 23 од 25 општини имаат население до 50.000 (половина од населението живее во 4 од 25 општини). Во БиХ, половина од населението живее во 84% од општините. Регионалниот развој е организиран на ниво НТЕС 3 за планирање во Северна Македонија, Албанија и Косово каде разликите помеѓу овие НТЕС 3 опстојуваат скоро една деценија. Во Србија, НТЕС 3 се користи за административна деконцентрација, додека за развојни цели постојат четири региони.

**Линк до Книга 1:** ***АНАЛИЗА НА ДИСПАРИТЕТИ МЕЃУ ЗЕМЈИТЕ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН: <u>СТАТИСТИЧКА АНАЛИЗА</u>***

**Книга 2: Анализа на диспаритети меѓу земјите: Анализа според статистичките податоци собрани од експертите од Западен Балкан**
Земјите од ЗБ 6 не тргуваат многу меѓу себе мерено според тоа кои се нивните први пет трговски партнери. Србија извезува во сите земји од ЗБ 5. Албанија има висока концентрација на извоз во Италија (од 45%), слично Северна Македонија има висока концентрација на извоз во Германија (47%). Србија и Албанија не вклучуваат ниту една земја од WB6 како нивни најголеми пет увозници. Извозот и увозот на Србија во основа се еднакви на збирот на другите пет земји.

Има одредена конвергенција на ЗБ 6 кон ЕУ но, таа е ползечка. Имено, БДП по глава на жител на земјите од ЗБ 6 во ПКМ во однос на ЕУ-27 пораснало од 33% на 38% за 10 години. Со ова темпо ќе им треба на ЗБ 6 да го достигнат просекот на ЕУ за 70 години (ако ЕУ го задржи денешното ниво на БДП во период од 70 години).

Земјите од ЗБ 6 денес сè уште се заробени во медиократијата и стануваат посиромашни. Уште полошо, земјите од ЗБ 6 се изложени на ризик да бидат фатени во замка за развој на таленти. Стареењето и намалувањето на работоспособното население (превртена старосна пирамида за Северна Македонија, на пример) заедно со недостатокот на економска динамика во комбинација со поголем удел на млади кои не се вработени, не се образуваат и не се обучуваат, како и региони кои доживуваат значително заминување на млади луѓе во странство, доведоа до намалување во понудата на висококвалификувани и помлади работници.

Регионалните нееднаквости во земјите од ЗБ 6 откриваат дека на локално ниво (особено ниво НТЕС 3) нееднаквостите се помалку изразени. **Ова значи дека давањето приоритет на решавањето на регионалниот потенцијал на сличностите во регионите НТЕС 3 во однос на конвергенцијата со ЕУ на ниво НТЕС 1 може да биде поефикасен избор на политики за создавање можност за балансиран развој на регионите, т.е., фокусот би можел да се стави на економскиот раст кој е инклузивен за да се осигура дека придобивките се шират кон сите региони.**

**Линк до Книга 2:** ***АНАЛИЗА НА ТЕРИТОРИЈАЛНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ, ПОТРЕБИ И ПОТЕНЦИЈАЛИ НА ЗБ-6:ЕКОНОМСКИ ПРЕГЛЕД***

**Книга 3: Анализа на диспаритети меѓу земјите: Кластер анализа**
Сличноста на регионите во земјите од Западен Балкан е анализирана со помош на анализа на кластери на ниво на НТЕС 3 (колку што имаше достапни податоци), со употреба на одредени индикатори од економиите на Западен Балкан.

Дополнително, анализата врз основа на показателите за економската активност конвергира во кластер во кој субјектите покажуваат релативно поголемо учество на земјоделието во економии со реалтивно низок БДП по глава на жител, како и ниско учество на другите анализирани сектори во БДП. Од друга страна, субјектите со најголемо ниво на БДП по глава на жител, како што е забележано во главните градови на Србија, Северна Македонија, Албанија и Црна Гора, се поврзани со високото учество на трговијата, транспортот и туризмот во БДП. Друг кластер покажува дека субјектите во кои доминира индустријата и активност генерално имаат натпросечно ниво на БДП по глава на жител. Овие наоди се корисни за осмислување на економски политики на регионално НТЕС 3 ниво.

**Линк до Книга 3:** ***АНАЛИЗИ НА ДИСПАРИТЕТИ МЕЃУ ЗЕМЈИТЕ: КЛАСТЕРСКА АНАЛИЗА***